ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 020
02 3289 070
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 042
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 05.03.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Објавен Конечен извештај на Државниот завод за ревизија за финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување за 2010 година

Почитувани,

Во врска со објавениот Конечен извештај на Државниот ревизор за финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување за 2010 година на веб страната на ДЗР, Фондот за здравствено осигурување со гордост би сакал да констатира дека искажаното **позитивно ревизорско мислење, односно мислење без резерва во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2010 година** е резултат на макотрпната работа на целиот раководен тим на Фондот (Генералните директори, директорите на сектори, советниците и раководителите на Подрачните служби на ФЗОМ) и сите останати вработени. Со ова конечно реформите во овој сектор имаат видливи ефекти, признати и од ДЗР, а со самото тоа што за 2010 година бројот на препораки кои ги дава ревизорот се сведени на 4, за разлика од претходните години, на пример кога во 2004 година истите се 31, во 2005 година 23, а во 2009 година намалени на 17.

Воедно, во однос пак на наодите на ревизорот во овој извештај би сакале да го потенцираме следново:

- Констатираните слабости и дадени препораки во овој извештај се во насока на натамошно подобрување на системот на здравствено осигурување и автоматизација на сите контролни процеси со цел елеминирање на можноста од субјективните или објективни грешки. Истовремено, во делот на констатацијата за можноста од дупли исплати на надоместоци за боледување и дупли записи за матични лекари истите претставуваат укажувања за слабости на системот, без докази дека вакви грешки се случиле ниту пак постои квантификација на истите. **Истовремено, во овој дел ревизорот го поздравува и верификува фактот што Фондот иако со ограничени човечки ресурси интензивно работи на унапредување на информациската технологија, односно на воведување на централизиран информациски систем, со кои ќе се автоматизираат сите процеси и контролни механизми во сите сегменти од работењето на Фондот** *(страна 7 и 13 од Конечниот извештај)*.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 020
02 3289 070
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 042
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Во однос пак на плаќањето на јавните здравствени установи ДЗР со овој извештај дава поддршка на ФЗОМ *(страна 11 и 12 од Конечниот извештај)* во однос на веќе преземените мерки за пронаоѓање на системско решение за состојбата на постоење на финансиски неодржливи јавни здравствени установи. Имено, за прв пат оваа година Владата, согласно минатогодишните измени на Законот за здравствено осигурување, на 06.02.2012 година донесе Одлука за финансирање на 34 јавни здравствени установи за кои треба да се обезбедат средства од Буџетот на Фондот за нивно целосно функционирање, се до нивното трансформирање и спроведување на реформите поврзани со ефикасноста на здравството.
Само за потсетување во овој дел во 2004 година Државниот ревизор констатира дека иако Фондот има донесено критериуми за склучување на договори со ЈЗУ, нивното финансирање не е засновано врз основа на склучени договори кај 54 ЈЗУ а кај 17 ЈЗУ истите се склучени но не се почитуваат и повторно авансно се префрлаат средства.

- Во овој извештај **нема ниту една забелешка на спроведувањето на јавните набавки, нема констатација за неправилна примена на акти или неусогласеност со законската регулатива, ниту пак констатација за неправилна примена на сметководствени политики и начела.**
Само за илустрација би сакале да направиме паралела со конечните извештаи на државниот ревизор за финансиското работење на Фондот во **2004 и 2005 година**, каде се констатирани: **неправилна примена на акти (работење спротивно на одредбите од Законот за буџетите, Законот за здравствено осигурување и Правилникот за изготвување и утврдување на буџетот на Фондот), неправилна примена на сметководствени политики и начела, и во делот на побарувањата, и во делот на обврските, ненаменско и незаконско користење на средства, направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи, како и непримерување на постапките од Законот за јавни набавки.**

**Имајќи го сето ова предвид, сметаме дека со овој извештај конечно се става крај на лошата репутација на Фондот и дека истиот се етаблира како поборник за правата на осигурениците, преку најрационално и транспарентно распределување во целост на буџетот на Фондот за здравствени услуги.**

**Со почит,**

**ФЗОМ**